# МИСИОНСКИ
## ПРОПОВЕДИ





**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА**
ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2024

*Сабота, 6 април 2024*

**Што не е евангелизмот**?

Зборот „евангелизам“ поттикнува слика на строги, чудни и испотени луѓе кои стојат на аглите од улиците повикувајќи ги минувачите да се покаат и се сретнат со својот Бог. Или, можеби телеевангелистите со лукав говор. Евангелизмот нема добра реклама. Овој збор, буквално значи ширење на добрата веста, но, за повеќето луѓе, тука има многу малку добри вести.

Со еден збор, евангелизмот делува како нешто што некоја личност, која држи до себе, не сака да се меша. Содржи тонови на претерана манипулација. Во попустливиот век дејствува како да сака да го менува начинот на кој некоја друга личност живее. И тоа е навреда. Тоа е неприфатливо.

Не е никакво чудо, па според тоа, во многу од големите цркви, евангелизмот се наоѓа во залез и доживува помрачување. Тој „излегол од мода“. Со тоа се занимаваат неурамнотежени ентузијасти кои немаат никаква теологија. Евангелизмот не е почитуван. Урамнотежената и промислена црква не треба да има никаква врска со тоа. Но, сепак, тие исти цркви се предомислуваат кога ќе ги видат празните клупи во кои некогаш седеле луѓето на богослуженијата. Понекогаш повторно се запрашуваат за евангелизмот кога размислуваат за безбожноста, материјализмот и себичноста кои сè повеќе преовладуваат во нашето општество.

Што прво ви паѓа на ум кога ќе го слушнете зборот „евангелизам“? Дали помисливте како некој виден проповедник го освојува вашиот град? Дали помисливте на програма која е внимателно осмислена за да допре до сите делови на вашата локална заедница? Или можеби помисливте на двајца луѓе (а изгледа како и на едниот и на другиот да им е по малку непријатно) стојат наведнати во разговор над отворена Библија? Во продолжение на проповедта сакаме да расчистиме што е тоа евангелизам, а што не е.

**Што не е евангелизмот?**

***- Евангелизмот не е исто што и пополнување на клупите.*** Меѓу пасторите, кои нормално се скептични кон овие работи, тоа

го доживуваат како краткотрајна популарност само тогаш кога ќе опадне бројот на верниците и приходите во црквата. Сепак, мотивацијата за таков „евангелизам" е скептична, но резултатите веројатно нема да бидат трајни.

- ***Евангелизмот не е „кражба на овци".*** Голем дел од она што поминува како евангелизам во црквите кои растат брзо, не е ништо друго туку пренос на растот од некоја друга црква. Тоа не служи за ништо, освен што ја подигнува гордоста на проповедникот во новата црква.

- ***Евангелизмот не е повремена инвазија од страна на познати личности кои се гости.*** Кога тоа ќе се случи, многу верници гласаат против тоа, ги држат главите спуштени додека тоа се случува, и се појавуваат на крај, кога воздухот е чист. Може да се случи ваквата инвазија да ја подели црквата, наместо да ја обедини во нејзината мисија.

- ***Евангелизмот не е рамнодушно и постојано повикување на одлука.*** Ако таквите повици се повторуваат, тие ја губат силата. Ако не се втемелени на јасните учења, тие се плитки. Се сеќавам на постер на кој пишуваше, „Исус е одговорот" под кој некој, сигурно не без причина, го напишал графитот: „Но, што е прашањето?" Едноставното повторување на клишеата или упатувањето библиски повици кои не се втемелени на библиското учење и не се поврзани со современи прашања, не е евангелизам.

- ***Евангелизмот не е систем***. Многу често тој се претставува како пакет кој вклучува три јасни точки, четири духовни закони или пет работи кои Бог сака да ги знаете. Немам проблем со овие работи, бидејќи тие остануваат во меморијата на оние кои ја пренесуваат добрата вест. Опасноста настанува кога евангелието се стеснува до димензија на такво ограничување и селективни формули. Во име на едноставноста, се отвора врата за погрешно сфаќање, плиткост, па дури и ерес.

- ***Евангелизмот не е активност резервирана само за проповедници, ниту, пак, се работи само за проповедање***. Но, ние често пати така мислиме. Сметаме дека евангелизмот треба да се случи само во црковната зграда во сабота, и дека тоа треба да го прави проповедникот. Здраво е да се потсетуваме дека во деновите ко-

га доживеала најголем раст, црквата немала посебни згради, ниту, пак, јасно дефинирани проповедници. Се сметало дека евангелизмот е повик до сите христијани и дека добрата вест треба да се пренесува на различни начини, а не нужно или главно во црквата.

- ***Евангелизмот не е само објава или само присутност***. Во текот на дваесеттиот век, и во Европа и во Соединетите Држави се прошири катастрофалната поделба меѓу оние кои размислуваат за евангелизмот и термините на објавување, и оние, кои се уморни од лицемерието и преувеличувањето кое го сретнале во голем дел од таквото проповедање, објавиле дека е важна нашата христијанска присутност среде светот кој страда, а не нашите зборови. На сличен начин се делат и оние кои размислуваат во термините на духовното евангелие или општественото евангелие. Во секој случај, поделбата е или илузорна или погрешна. Раздвојувањето на зборовите од делата, значи да се раздвојат двете работи што Бог ги составил. Одвојувањето на духовното од општественото претставува слепило пред фактот дека тоа е надворешност или внатрешност на иста работа. Како и секогаш, за христијаните, Исус е најголем пример. Неговата општествена и духовна грижа оделе рака под рака. Неговото присуство, кое го отелотворувало Божјото царство, било во согласност со Неговите зборови кои го објаснувале царството. Тие не биле спротивни едно на друго, туку тие две работи меѓусебно се надополнувале.

- ***Евангелизмот не е индивидуализам***. Во фрагментите на западната култура, тоа често пати така изгледа. Но, во историјата на ширењето на христијанството, евангелизмот бил општествена работа; цели села и градови и разни видови заедници во поголема или помала мера биле заедно доведувани кон верата. Така во минатото се освојувале цели земји. Ако сакаме световните Европјани, кои се слични во братската солидарност во своите трговски унии, да се воведат во христијанството, ќе биде неопходно црквата да се вклучи во овој заеднички вид на евангелизам. Бидејќи евангелизмот не може и не смее да биде само копање по некоја класа, туку менување на правецот на општеството кон живиот Бог.

- ***Евангелизмот не е дополнителна можност за оние кои сакаат такво нешто***. Тој е главен дел на послушноста на целата

црква во согласност со Господовата заповед. Тој ни рекол да одиме во светот и да создаваме ученици. Тешко е да се види дека можеме реално да го признаеме како Господ, ако не го земеме предвид она што Тој ни вели да го правиме. Црквата, нѐ потсетува Петар, не постои само „за да ги возвестите совршенствата на Оној Кој ве повикал од темнина во Својата чудесна светлина; 10 вие, кои некогаш не бевте народ, а сега сте народ Божји; кои не бевте помилувани, а сега сте помилувани“ (1. Петрово 2,9.10). Таквата добра вест треба да се шири, и секоја црква, која е достојна на своето име, треба да се погрижи тоа да се случи.

Толку е жално, но вистинито што поголемиот дел кој поминува како евангелизам, воопшто и не е евангелизам. Евангелизмот често пати премногу се институционализира и може да се види, што не е неточно, кога црквата тргнува да бара нови регрути.

Евангелизмот многу често се атомизира, каде духовната страна се отсекува од остатокот на животот. Нагласокот на реакцијата на духот спрема Христа не се следи со еднаква грижа за физичката и моралната благосостојба на целокупната личност. Евангелизмот често се фосилизира: пакетот во кој е спакувана добрата вест станува погрешно поистоветен со самата добра вест и е резултат на културно обврзувачкото христијанство. Тоа многу често се случува во извозот на европските вероисповеди во Африка и Азија.

Евангелизмот е премногу клерикализиран. На него лесно се гледа како на нешто што е резервирано за свештениците. Оваа виртуелна идентификација во многуте умови за црквата со нејзините проповедници е една од сериозните пречки кои го попречуваат ширењето на евангелието во нашата генерација.

Во некои кругови евангелизмот станал премногу световен. Како реакција против поедноставувањето на навидум побожните повици на покајание, многу порадикални христијани во нашето време го поистоветиле евангелизмот со помагање на сиромашните и потчинететите. Таа идентификација е добра и достојна за пофалба. Но, ако се прошири и го опфати и нивното наоружување и прифаќање на терористички движења за ослободување, случајот е многу помалку јасен. Но, кога таквите акции се опишуваат како

евангелизам, ние сме отишле многу далеку од Исуса, кој одбил да земе и меч и бил распнат на крст.

Друг екстремизам, кој е многу чест, е набљудување на христијанството како „пастеризирано". Слично на млекото, третирано е и ставено во шише пред да се послужи. Добивате евангелизам кој не е дефиниран, никому не му пречи, не поттикнува и не менува никого. Евангелизмот кој не се занимава со радикална промена, претставува постепена дифузија во црковниот систем. Тоа е многу далеку од Исус, најекстремниот радикал кој светот некогаш го видел, кој секогаш ги повикувал луѓето и жените да го остават подрачјето на својот себичен живот и да дојдат да го следат Него. Црквата често пати ја „припитомува" сликата за Исус и ја ублажува добрата вест. Постојат разни видови на осиромашен евангелизам. Потребно е да се вратиме на оној вид добра вест која ја објавувал самиот Исус во запрепастената синагога во Назарет: „*Духот Господов е врз Мене; зашто Господ Ме помаза. Ме прати да им соопштам радосна вест на бедните. Ме прати да им проповедам на заробените ослободување и на слепите прогледување, да ги пуштам на слобода напатените; 19 да ја проповедам благопријатната година Господова!*" (Лука 4,18.19) Исус го затворил свитокот од Исаија 61, од каде што го прочитал извадокот и ги запрепастил слушателите со она што го изјавил: „Денес се исполни ова писмо, во вашите уши" (21 стих). Тоа не било обична добра вест и обичен гласник. Тоа не било ништо помалку од долгоочекуваното Божјо спасение што го објавил лично Месија. Бог навистина дошол да го спаси светот.

Не е никакво чудо што оваа порака набргу станала позната како евангелие, добра вест. Извадокот од Исаија е многу значаен. Тој се однесува на периодот по вавилонското ропство и гласникот, помазан со Божјиот Дух, ја објавува Божјата победа, Неговото царство. Тој зборува за раѓањето на утрото на новото време и тоа она време во кое незнабошците не се исклучени. Денот на спасението дошол. Божјиот народ е подготвен и го чека како што невеста го чека својот младоженец. Нивната неправедност е покриена со облеката на правда, нивната заедница со Бога е воспоставена преку

вечниот завет. Тоа се денови на ослободување, денови на исцелување, денови на големи добри вести, кои треба да се шират како шумски пожар. Бог сака преку обновениот Ерусалим да го објави својот пат на народите. Сето тоа, па дури и повеќе, се наоѓа во поглавјето на Исаија што го читал.

*Сабота, 4 мај 2024*

## Што е евангелизмот?

Постојат три дефиниции за евангелизмот, кои можат да бидат корисни. Првата се состои од еден збор: прелевање. Таа дава вистинска слика за некој кој е толку полн со радост за Исуса Христа, што се прелева како што се прелева преполнета кофа со вода. Тоа е природна работа. Тоа е многу очигледно. Во согласност со тоа, тоа е квалитетот кој во голем дел недостасува во евангелизмот: спонтаност. „Прелевањето“ е многу добар превод на грчкиот збор кој се појавува во Новиот завет за да се опише довербата на христијаните, **plerophoria**. Павле ги потсетува Солуњаните: „Зашто нашето проповедање меѓу вас не беше само со слово, туку и во сила, и во Светиот Дух, и во полна увереност; како што знаете какви бевме меѓу вас заради вас (plerophoria)“ (1. Солуњаните 1,5).

Втората дефиниција му се припишува на Спурџон, познат британски проповедник и евангелист од деветнаесеттиот век. Тој рекол дека евангелизам е кога еден питач му зборува на друг питач каде да најде леб. Ми се допаѓа таа дефиниција. Таа го привлекува вниманието и на потребите на примателот и на великодушноста на давателот. Бог нема да ни даде камен кога од Него бараме леб. Ми се допаѓа еднаквоста во таа дефиниција. Ниту на кој било начин евангелистот не е подобар, ниту пак се наоѓа на повисоко место во однос на личноста за која зборува. Теренот е рамен околу Христовиот крст. Единствена разлика меѓу двајцата различни просјаци е тоа што едниот се најал и знае каде има храна која е секогаш на располагање. Тука нема никакви тајни. Евангелизмот е едноставно разговор со пријателот за тоа каде може да најде леб.

Но, постои уште еден допир кој е важен во оваа дефиниција. Тој нè потсетува дека не можеме да ја однесеме добрата вест до другите доколку не сме ја пробале самите и не сме утврдиле дека Господ е добар. „Вкусете и видете колку е добар Господ: блажен е човекот, кој се надева на Него!“ (Псалм 34,8)

Можеби, најсеопфатната дефиниција за евангелизмот е таа што го освоила најголемото прифаќање, а му припаѓа на англискиот надбискуп Вилијам Темпл. Таа доаѓа како заклучок на извештајот под наслов за обратувањето на Англија и гласи: „Евангелизот значи да го претставуваш Исуса Христа во силата на Светиот Дух, луѓето да ја стават својата доверба во Бога и да го прифатат како свој Спасител и да му служат како на свој Цар во заедницата на Неговата црква“. Ако ја прифатиме оваа дефиниција, таа зборува за многу важни работи за евангелизмот.

***Најпрво, евангелизмот не е исто што и мисијата***. Мисијата е една половина од причината за постоење на црквата; богослужението е другата. Ние сме повикани на овие два начини да покажеме што значи да се биде „небесна колонија“. Но секако дека мисијата на црквата е многу поширока од евангелизмот. Таа го претставува целокупното влијание на црквата врз народот: нејзиното влијание, нејзината вклученост во општествениот, политичкиот и моралниот живот на заедницата и нацијата, нејзиното помагање на ранетото човештво на секој можен начин. Оваа мисија ја опфаќа евангелизмот. Најголемата работа која можеме да ја направиме за луѓето е да ги доведеме до средба со Христа, кој умрел за нив. Но, јасно е дека евангелизмот е еден аспект, само еден од целокупната мисија на црквата.

***Второ, евангелизмот е добрата вест за Исус***. Тоа не е напредување на тврдењето на црквата за нација или идеологија, туку за самиот Исус. За време на Олимпијадата во 1960 година, едно списание објавило интересен цртеж кој покажува како прославен тркач од Маратонот, пристигнува во Атина и исцрпен паѓа на земјата и мрмори со празен израз на лицето, „Ја заборавив пораката“. За жал, тоа често се случува во современата црква. Доколку самиот Исус, кој станал евангелие преку својата смрт и воскресение, не е суштина на нашата порака, она што го правиме не е евангелизам.

***Трето, евангелизмот се сосредоточува на Бог Отецот***. Исус Христос ја дели Божјата природа и нашата. Тој е верен показател за тоа каков е Бог. Но, Тој не го надминува Божеството. Тој рекол, „Чувте дека Јас ви реков: ‚Заминувам од вас и пак ќе дојдам кај вас.' Но ако Ме љубевте Мене, ќе се зарадувавте што реков: одам кај Мојот Отец, зашто Мојот Отец е поголем од Мене" (Јован 14,28). Во согласност со тоа, секој евангелизам кој е толку ориентиран на Исуса што го изоставa Таткото, не е во потполност христијански. Религијата на Новиот завет цврсто зборува за Тројството. Таа нè води до изворот на Божеството, до самиот Отец, преку Синот и вдахновеноста на Светиот Дух.

***Тоа е четвртата карактеристика на евангелизмот***, според дефиницијата на Вилијам Темпл. Тоа е нешто што во потполност зависи од успехот на дејствувањето на Светиот Дух. Ние, човечките суштества, не сме способни да ги привлечеме другите кон Христа. Предимство на Светиот Дух е да ги убеди луѓето дека им е потребен Христос и вистински да им го претстави, да ги доведе до признание дека Тој е Господ, до крштевање во Христовото тело, црквата, и да ги увери дека припаѓаат тука. Сето тоа е дело на Светиот Дух, а не наше. Тоа никогаш не смееме да го заборавиме. Можеме да зборуваме, да повикуваме, да поттикнуваме и да охрабруваме, како што тоа и ќе го правиме, но не сме во состојба кој било да доведеме, „за да им ги отвориш очите, и да се обрнат од темнината кон светлината; од сатанската власт кон Бога, и преку верата во Мене да примат опростување на гревовите и наследство меѓу осветените " (Дела 26,18). Тоа е Божје суверено дело.

***Петто, евангелизмот значи воведување во црквата, Христовото тело***. Овде наидуваме на една од најзагрижувачките карактеристики на ТВ-евангелизмот. Гледачите се повикани да ги ставаат своите раце на телевизорот, да го отворат својот живот кон Христа, и така натаму; но само мал дел од оние кои ја признаваат верата на ваков начин, некогаш ќе дојдат во црковното семејство. Можете и сами да му се обратите на Христа, но кога тоа ќе го направите, ќе се најдете меѓу цело семејство браќа и сестри. Некој рекол: „Евангелизмот за никого не е поединечно и изолирано дело. Тоа е дело, кое е длабоко црковно. Кога најоддалечениот про-

поведник во најзафрлените делови на земјата го проповеда евангелието или ја собира својата мала заедница..., самиот тој го спроведува црковното дело и неговите постапки се сигурно прицврстени за евангелската активност на целокупната црква“.

***Шесто, нашата дефиниција многу јасно зборува дека евангелизмот доведува до одлука***. Не е доволно луѓето да го слушнат проповедањето на евангелието и да бидат допрени од квалитетот на христијанскиот живот меѓу нив. Тие мораат да решат дали ќе му се поклонат на Исус како на свој цар. Одлуката може да биде бавна или изненадна; не се работи за тоа. Таа може да се подразбира ако личноста е возрасна и од мали нозе воспитувана во верен дом и заедница, или може да биде премногу изричита и воочлива. Во секој случај, таа мора да се донесе. Не е важно дали можам да се сетам на денот и на часот кога тоа се случило. Важно е дека сега се наоѓам во таа заедница посветена на послушноста на него. Учењето на Исуса и апостолите, евангелското проповедање на христијаните низ вековите, секогаш го имало тој елемент на предизвик. Постојат две патеки по кои човекот може да патува. Постојат два темела врз кои животот може да почива. Постојат две држави, темнина и светлина, во кои можеме да престојуваме. Постои избор кој не можеме да го избегнеме. Или едното или другото. Ако не одлучиме, всушност значи да одлучиме. А таа одлука има неверојатни важни и далекусежни последици. Дали ќе ја ставиме нашата доверба во Бог или не? Дали ќе Го прифатиме како наш Спасител или не? Ние мораме да одлучиме.

Конечно, Темпловата дефиниција го изнесува важниот факт кој вистинскиот евангелизам го има во учеништвото. Тоа не е само прашање за објавување на добрата вест или стекнување на одлуки за Христа, или дигање рака. Целта на евангелизмот е исполнување на големиот налог и создавање ученици за Исуса Христа. Ученик е оној кој учи. Вистинскиот евангелизам произведува променет живот -од „мојот пат“ во „Христовиот пат“. Секако дека ќе има многу падови, но важен е правецот. Христијанскиот правец оди по Христовиот пат и тежнее да му служи Нему, како наш Цар во заедница со браќата и сестрите христијани во црквата. Евангелистот не треба да бара само одлуки, колку и да се тие важни. Тој ба-

ра ученици, и тоа не за себе, за својата црква или организација; тој бара ученици за Исуса Христа.

Евангелизмот не е ништо помалку од тоа. Најраните христијани секогаш се занимавале со тоа: во продавниците и на улиците; во просториите за перење, и на бреговите на морето. Во многу делови на светот, особено во Африка, Азија и Латинска Америка, тие и понатаму тоа го прават. Но, во поголемиот дел од Европа и Северна Америка, ние се воздржуваме од чистиот, топол и воодушевувачки евангелизам. Зошто?

*Сабота, 8 јуни 2024*

## Гедеоновите упатства за големина

Извештајот за Гедеон личи на акционен филм. Гедеон игра улога на херој кој се издигнал за да одговори на предизвикот, иако е сѐ против него за да го постигне она што многумина го сметале за невозможно. Иако приказната можеби личи како еден од оние филмови кои се премногу добри за да бидат вистинити, тоа претставува историска вистина со духовно значење. Во животот на Гедеон се прикажани неколку упатства за сите верници кои сакаат да направат големи работи за Бога. Никогаш не смееме да заборавиме дека пророкот Даниел рекол, „*Со лукавство ќе ги привлече кон себе оние што се огрешиле против заветот; но луѓето кои Го почитуваат својот Бог, ќе опстојат и ќе се спротивставаат*“ (Даниел 11,32). Исус ветил дека силата на Светиот Дух ќе ги оспособи неговите следбеници да прават дела поголеми од оние што Христос ги направил во текот на својата служба на земјата.

### I. Ценете ги неволјите

Првото упатство е навистина да ги цениме неволјите. Кога велам да ги цениме, мислам на забележувањето, не само за уживање или задоволство. Што значи тоа, научив во текот на првата година од моето студирање за време на часот *Ценете ја музиката*. Првиот ден кога професорот влезе во училницата, рече, „Добре дој-

довте на предавањата по предметот *Ценете ја музиката.* Тука ќе го развивате вашето знаење и разбирање за музиката. Да се цени не значи да се сака одреден музички стил. Тоа е развивање на работното знаење за карактеристиките на музичките стилови, композитори и култури. Имавме тестови од видот кога професорот пушташе музика, а ние студентите требаше да го препознаеме делото, композиторот и периодот.

Кога го запознаваме Гедеон, тој доживува голема неволја. Паганската мадијанска нација го исфрлила Израил. Мадијанците биле номадски народ кој би преплавил некое подрачје - како што Писмото пишува – како скакулци – и би ја опустошил земјата и нејзините жители. По седум години угнетување, Израил повикал кон Господа (6,5.6)

Семоќниот Бог секогаш нè слуша, но Писмото открива дека Тој посебно одговара на Неговиот народ кој вика во понизност, барајќи ја божествената помош. Во својата сувереност, Бог дозволува неволји. Библијата вели: „Сметајте ја за чиста радост браќа мои, кога ќе паднете во разни искушенија, (Јаков 1,2). 1. Петрово 1,7 кажува: „Та вредноста на вашата вера, која е поскапоцена од пропадливото злато - кое се испитува во оган - да се покаже, за пофалба, слава и чест, при откровението на Исуса Христа...“

Неволјите се терен за тренирање за Божјата слава. Многу верници се фрустрирани, поразени, збунети бидејќи очекуваат дека верата ќе ги елиминира нивните неволји, наместо среде неволјите да се зајакнуваат. Ако денес се најдете во тешка ситуација, очекувајте дека Бог ќе ве учи, обликува и оспособи за нешто поголемо.

Писмото открива дека неволјите доаѓаат пред победите. Аврам го напуштил својот дом за да го следи Бога. Јосиф е фрлен во темница пред да стигне во палатата. Мојсеј живеел во прогонство пред да го изведе Израил од Египет. Давид бегал за да го спаси својот живот во пештерите пред царот Саул. Марија и Јосиф побегнале во Египет пред да се населат во Назарет. Апостолот Павле поминал три години во пустина, додека Варнава не ги убедил апостолите да го прифатат неговото обратување. Списокот може да се продолжи и понатаму и понатаму... Во текот на христијанската историја, неволјите ги подготвувале луѓето за поголеми достигнувања.

**II. Прифатете го вашиот идентитет**

Второто упатство од животот на Гедеон е да го прифатите она што Бог го кажува за вашиот идентитет. Бог го нарекува Гедеон „храбар јунак“! Овој назив е запрепастувачки, бидејќи Гедеон не бил храбар јунак во времето кога Бог го кажал тоа. Тој живеел во духовно падната нација и семејство. Бог му дал упатство да го урне семејниот олтар посветен на Вал. Тој го вршел житото, додека се криел во пресата за вино за да не го видат Мадијанците и да не му го земат житото. Слушнете како Гедеон се опишува самиот себеси: „Како ќе го избавам Израел? Мојот род е најмал во Манасиевото племе, а јас сум последен во куќата на мојот татко“ (Судии 6,15).

Гедеон бил мал човек од мало семејство, кој живеел во страв и непослушност. Бог објавува кои сме и што сме со Неговата сила, а не поради тоа што сме направиле во минатото или поради нашите сегашни околности. Тој гледа над нашите мани, неуспеси и ограничувања. Бог на Гедеон му го прорекол новиот идентитет. Тој бил храбар јунак бидејќи Бог така рекол, без оглед што кажувало неговото семејство или другите племиња или што велел непријателот.

Бог го нарекол Аврам татко на многу народи, иако немал свои деца. Бог го нарекол Мојсеја избавител на Израел, иако тој се криел во пустината.

Бог за тебе вели...

Ти си Негово дете, ти си Негов пријател, ти си оправдан, простено ти е, и веќе не си осуден. Ти си повеќе од победник, ти си Негово дело, создаден си за добри дела; ти си царско свештенство кое ја објавува добрата вест како блескава ѕвезда; ти си купен со крв, исполнет со духот, одиш кон небото, потполно вооружен војник со специјален оклоп осмислен да го уништи непријателот!

Можеби сте ја слушнале приказната за малото мече на поларната мечка кое се мачело со својот идентитет. Го прашало својот татко, „Татко, дали и јас сум поларно мече како тебе? Не сум лав, не сум птица, ниту крава, и знам дека не сум ни мачка, навистина?“

Татко му: „Така е сине, а зошто прашуваш дали си поларно мече“?

Мечето: „Само проверувам, бидејќи ветрот надвор навистина е студен!“

Понекогаш треба да се потсетиме кои сме, кога ветриштата на овој свет ја предизвикуваат нашата вера.

**III. Постапување според авторитетот**

Третото упатство е да постапуваме или слушаме со авторитет. Немојте тоа да го помешате со храброст без божественото водство. Одењето во битка со 300 луѓе против 135,000 е лудост, доколку Бог не ви нареди да го направите тоа. Давањето десет проценти од заработката за напредокот на Божјото царство може вам да ви изгледа неприфатливо, доколку Бог не ви нареди тоа да го направите. Еден ден во седмицата одреден за богослужба може да ви изгледа чудно доколку не го разберете Божјиот налог. Мисионската работа е чудна доколку не знаете дека Бог ве повикал да ги користите своите дарови во Негова слава. Сетете се, Петар одел по водата дури кога Исус го повикал да излезе од чамецот.

Една од работите по кои е познат Гедеон е ставање на руното. Ова дело нема за цел да биде пример како да ја одредиме Божјата волја, но ни илустрира дека Гедеон постапувал според божествениот повик, а не сам од себе. Апостол Петар вели дека имаме сигурен начин за распознавање на Божјата волја, а тоа е Божјата Реч, заедно со Светиот Дух, нè води по она што Писмото го нарекува „пат на животот“.

Од овој извештај учиме дека Божјиот авторитет не води кон понизност. Бог го упатил Гедеон да го намали бројот на своите војници за сите да дознаат дека победата му припаѓа на Господа, а не на Гедеон. Дали сте подготвени да направите големи работи и да не си ги припишете себеси заслугите за нив. Роналд Реган еднаш рекол: „Не постојат граници за она што можете да го постигнете, ако сте желни да им дозволите на другите да ги земат заслугите“.

Божјото авторитативно водство нè води кон чистота. Забележете дека Бог му рекол на Гедеона да го сруши семејниот олтар посветен на паганскиот бог Вал. Дали мислите дека уништувањето на олтарот направило Гедеон да биде подобар војник? Дали верските обичаи на неговото семејство влијаеле на способноста на Гедеон да се бори против Мадијанците? Одговорот е „не“, но неговиот повик да го отстрани паганското влијание илустрира дека

Бог користи чисти судии за да ја објави својата слава. Гедеон бил успешен бидејќи бил помазан од Божјиот Дух, а Бог го помазал за Гедеон да го отстрани отпадот од својот живот.

**Заклучок**

Едно од Божјите најголеми дела е да се земат отпадоците на животот и да се претворат во нешто славно. Ваквата промена, која постои во природата, посебно постои во Божјото царство. Гедеон започнал како кукавица. Аврам побегнал во Египет, лажел за својата жена и спиел со слугинката. Мојсеј убил човек. Давид сторил прељуба и организирал смрт на невин човек. Апостолот Павле се опишал себеси како најголем грешник. И други се наоѓаат на списокот на оние на кои им е потребен Христовиот допир на промена за да се спасат од пропаста на гревот.

Промената на отпадоците во богатство се гледа во Христовата служба. Бројните слики се обидуваат да го прикажат величеството на Светиот Дух како преубава гулабица. Сепак, гулабицата е позната како птица која може да се прилагоди кон нечистата околина. Кога Бог избрал симбол за третото лице на Божеството, тоа бил гулабот. Исус е роден во штала и ставен во јасли. Исус пораснал во Назарет, што Неговите критичари ги предизвикало да кажат „Дали може нешто добро да дојде од Назарет"? Кога Исус бил распнат, тоа се случило на ерусалимското неугледно место – Голгота. Денес, крстот, кој бил инструмент за мачење го гледаме како траен симбол на надеж и благодат. Зошто? Затоа што Бог го откупил човекот, го зема отпадот и го претвора во нешто големо и вредно. Тој тоа го направил со животот на Гедеон, и Тој истото може да го направи и со вас.

Градиво за саботна школа
МИСИОНСКИ ПРОПОВЕДИ
2/2024
Излегува тримесечно

Издава:
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

Превод и техничка обработка:
Мелита Томовска

Одговара:
Томе Трајков

За интерна употреба